

Кирил Петрушев (20. III 1895 - 2. V 1980) е македонски револуционер, комунистички деец, борец и државен функционер. Бил член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и член на делегацијата на Вис за разговорите со НКЈ и Ј. Б. Тито. Како делегат на Првото заседание на АСНОМ, бил избран за член на Президиумот на АСНОМ (повереник за внатрешни работи). Бил министер за внатрешни работи во првата Влада на НРМ, а потоа министер за труд, а извршувал и други значајни должности. Поради определувањето за Резолуцијата на ИБ, бил исклучен од КПМ, разрешен од сите функции и пензиониран.

Кирил Петрушев е роден на 20 март 1895 година во Богданци. Завршил средно училиште. Во 1914 година се вклучил и бил истакнат учесник во македонското револуционерно движење. По Првата светска војна емигрирал во Бугарија, каде што му пристапил на работничкото движење. Поради својата активност бил прогонуван и апсен, па морал да премине во илегала. По Септемврискато востание во 1923 година во Бугарија, која ја извела Бугарската комунистичка партија, се вратил во Македонија и бил особено активен во синдикалното движење.

Во текот на Втората светска војна, по бугарската окупација на Македонија, Кирил Петрушев бил прогонуван и апсен. Се вклучил во НОВ, а во 1944 година станал член на КПЈ. Исто така бил назначен за член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и член на делегацијата на Вис за разговорите со НКЈ и Ј. Б. Тито.

На почетокот од мај 1944 година Методија Андонов Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев заминале за Вис на средба со Народниот комитет за ослободување на Југославија на чело со Јосип Броз Тито. Средбата се одржала на 24 јуни при што македонската делегација го поставила прашањето за обединување на Македонија по ослободувањето од окупацијата. По враќањето на делегацијата од Вис, откако биле привршени подготовките на 2 август се одржа Првото заседание на АСНОМ на кое Ченто бил избран за претседател на Президиумот на АСНОМ, највисоко државно тело на Демократска Федерална Македонија (подоцна НР Македонија), а Емануел Чучков и Кирил Петрушев биле избрани за членови на Президиумот.

На 6 август 1944 година Кирил бил назначен за повереник за внатрешни работи, а на 14 август Президиумот  на АСНОМ го избрал за член на Комисијата за утврдување на престапите на окупаторите и нивните слуги.

На Третото заседание на АСНОМ одржано од 14 до 16 април 1945 година, кога надлежностите на Президиумот биле дадени на првата Влада на НРМ, Кирил Петрушев бил избран за министер за внатрешни работи. По нецела година, на 11 февруари 1946 година бил назначен за министер на градежништво, а при изборот на нова влада на 18 април 1946 година бил избран за министер за труд. На таа функција останал до 26 октомври 1948 година кога бил разрешен.

Кирил Петрушев извршувал и други значајни должности, меѓутоа, поради определување за Резолуцијата на ИБ, бил исклучен од КПМ, разрешен од сите функции и пензиониран.

Кирил Петрушев починал на 2 мај 1980 во Скопје.